# КРАТОК ЗАПИСНИК

1ва СРЕДБА НА РАБОТНА ГРУПА ЗА ЛОКАЛНА МЛАДИНСКА РАБОТА

Скопје, 23.04.2015



Првата средба на групата за локална младинска работа се одржа на 23.04.2015 во канцелариите на Програмата за развој на Обединетите Нации во Македонија со почеток во 11:00.

На средбата во најголем број беа присутни претставници на новоформирани локални младински совети, претставници на неколку младински НВО (младите можат и организација членка на НМСМ, а додека од меѓународните организации, свој претставник во работната група имаше мисијата на ОБСЕ во Скопје).

Средбата беше планирана да трае 4 часа, при што работниот план вклучуваше:

- Дефинирање на областа локална младинска работа

- Идентификација на клучни проблеми во областа
- Развивање на „Дрво на проблеми„.

Сепак со оглед на релативно малиот број на учесници на средбата, односно отсуството на повеќето младински организации од кои се очекуваше клучен придонес за работата на групата, беше донесена одлука да се скрати предвидената агенда, односно средбата да заврши по комплетирање на првата точка од дневниот ред, а со цел да се овозможи присуство на повеќе засегнати страни при идентификацијата и анализата на проблемите. Оттука точка 2 и 3 на агендата беа оставени за следната средба.

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОБЛАСТ: ЛОКАЛНА МЛАДИНСКА РАБОТА

Дефинирањето на областа започна со бура на идеи во однос на клучните термини со кои се поврзува терминот младинска работа. Сепак во процесот на анализа на терминот беа идентификувани и извесни нејасности и забуни кои се поврзуваат со овој термин (на пример кои типови на активности со млади спаѓаат во доменот на младинската работа, кој се може да имплементира младинска работа, што се претставува младинска работа, кои се нејзините основни форми, какви видови на младинска работа разликуваме и сл. ).

Врз основа на заедничката дискусија, групата ја дефинираше младинската работа како организиран процес на фацилитирање и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот личен, професионален и општествен потенцијал. Младинската работа притоа може да биде едукативна (обуки, работилници, кампови, школи, размени) или пак базирана на активности (спорт, акции и сл..), но секогаш во позадина има за цел градење на извесни вредности, знаења, ставови и вештини кај младите кои се директен одраз на 8те клучни компетенции дефинирани од советот на европа.

Групата заклучи и дека младинската работа секогаш треба да биде во контекст на локалната заедница во која се одвива, односно од една страна да биде базирана на локалните потреби и проблеми (кои се специфични за дадена заедница, пр. Невработеност, образование, пороци и сл.), а од друга страна да има за цел мобилизирање на младите за унапредување на животот во заедницата (различни акции и локални развојни проекти) во кој процес младите истовремено ќе ги градат своите вештини додека придонесуваат за развој на заедницата во која живеат.

Под младински работници групата ги идентификува оние лица кои или професионално или волонтерски работат директно со младите заради помагање на нивниот развој и градење на вештини, знаења и ставови. Покрај професијата младински работник (која сеуште не е признаена кај нас) групата дефинираше дека младинската работа можат да ја вршат и други/слични профили кои се обучени за воспитно- образовна работа со млади како наставници, педагози, психолози, социјални работници и слично. Со цел максимално искористување на потенцијалот на младинската работа како клучна потреба се наметна препознавањето на професијата младински работник и интегрирање на овој кадар и општествена улога во школите, општините и други локални институции кои имаат обврска и цел да го помагаат развојот на младите.



Договорено е следната средба да се одржи на 6ти Мај 2015 со почеток во 11:00 часот.